## ШТО СЕ СЛУЧИ СО „СТОТРОЈКАТА“?

# И НА СУПКУЛТУРАТА Ѝ Е НЕОПХОДЕН СИСТЕМ



**Треба да се изнајде разумна легална солуција како да продолжи животот на култната „103-ка" во рамките на системот**

Пред само неколку недели првпат со длабока озареност ја почувствував волшебната убавина на 20-минутниот вокално-инструментален перформанс со лиричен и поетски призвук **„I trawl the megahertz"** на **Paddy Mc Aloon** (фронтменот на некогашните „Prefab Sprout") на музичката фреквенција **„Канал 103"**. Со денови, потполно сум заробена во звуците што ги произведува неговата магично-мистична музика, која ѝ дава особен примат на текстуалната поетика, која во ритамот на тагата ја говори мистериозен женски вокал... И сета таа уметничка совршеност, благодарејќи на „момците" од 103-ка, кои ми го овозможија овој благодет за ушните школки и ми ја подарија музиката. Истите тие, почнувајќи од **Изи, Путица, Вања, Сале, Пеце, Фрешко,** за потоа да се надоврзат **Викса, Мирко, Шурбе, Јово Брамс, Јанко, Дарко,** па сè до **Јане, Нино, Робо** (и по некое девојче) **Енџи...,** повеќе од 12 години самоуверено им го обучуваат музичкиот поглед на своите верни слушатели. Агилно и без задршка се грижат за нивната ментална хигиена профилирајќи естетски музички код, кој досега никој не умееше да го произведе. Така, научив безусловно да уживам во ламентозната прозаичност на музиката на David Sylvian, убавецот на сите времиња, така слушнав за **Jeff Buckley**, кој умееше така љубовно да ја дисторзира својата гитара, така сè уште ги прелистувам албумите на мистериозните **„Cocteau Twins"**, воодушевувајќи се на нивниот езотеричен јазик, на кој ги изведуваат своите мелодии, неповторливите вокали на **Liza Gerrard** и **Brendan Perry** од култните **„Dead can dance"**, ултрамодерниот призвук на електроклешот, кој го произведуваат современите **„Ficherspooner"...** преку **Brian Eno, Aphex Twin, Stereolab, Kronos Quartet, Balanescu Quartet, Primal Scream, Smiths, Joy Division, New Order, Massive Attack, Cult, The future sound of London, Orbital, Orb, Banco de Gaia, Art of noise, Leftfield, Underworld, Rage against the machine...** сè до најсвежите светски и домашни електронски, андерграунд и авангардни музички сензации, наспроти бруталната ерозија на духот на уметноста, чии секојдневни сведоци сме на останатите радиофреквенции од комерцијален карактер.

Но пред извесно време, без никакви претходни предупредувања, беше опструирано задоволството на почитувачите на овој музички канал, кој беше исклучен од етерот од страна на Управата за телекомуникации, која има ингеренции да ги укинува фреквенциите што немаат легална основа за постоење. Имено, 103-ка се појави паралелно со осамостојувањето на нашата држава во вистинскиот политички момент, велат нејзините креатори... се роди во конгломератот наречен МРТ, за „стотројкашите" вистинското место за испилување, во време кога се разбиваше едноумието и кога се појавуваа никулци на културен плурализам. Но уште од самото обликување на некомерцијалната музичка фреквенција пред 13 години, мрежата не беше легализирана и повеќе од една деценија статусот на ова некомерцијално радио, кое профилираше уникатна и препознатлива програма која ги афирмира прогресивните звуци и идеи во рамките на македонскиот културен простор, кој очајнички се обидува да фати приклучок со актуелните светски трендови, е нерешен. И сега, кога државата конечно се освести дека единствениот пат до наша европеизација е надминувањето на законските конфузии, кои за несреќа имаа зелено светло во изминативе години, МРТ доживеа „просветлување" и констатираше дека нелегално ја зазела оваа фреквенција, со оправдување дека при тоа спречува таа да биде доделена на легално користење на некој заинтересиран за добивање концесија за локално ниво. Така, по години наназад меѓусебен игнорантски однос се отворија полемиките меѓу раководството на куќата и „стотројкашите" - едните со оправдување дека никогаш не биле третирани како составен дел од програмската шема на куќата, а другите со нивната тотална незаинтересираност и неактивност на тоа поле. Но, вистина е дека МРТ и нема обврска да се грижи за незаконското постоење на оваа фреквенција, ниту пак има ингеренции да ја доделува и да ја укинува фреквенции.

Што сега? Наместо времето да се губи тагувајќи по минатото, треба да се изнајде разумна легална солуција, која ќе ѝ овозможи понатамошен живот на оваа фреквенција, како една од ретките искри во темните лавиринти на македонската транзиција, која се бореше за афирмација и легитимација на својата определба, а тоа е: современо, демократско и слободно општество. Но, демократијата не подразбира нерегулативен систем, каков досега практикуваме во земјава. Доколку досега царуваше беззаконието во сите сегменти од нашево опскурно живеење или во најмала рака на пропишаните правила им се прогледуваше меѓу прсти, државата, иако бавно, сепак почнува да го реафирмира почитувањето на системот. И токму „стотројкашите", како моќни носители на интелектуалното и уметничкото, треба да покажат доблест и конечно да ги засукаат ракавите и да креираат стратешки документ, што подразбира програмска шема, она што практично и требаше да го направат во последнава година, откако почнаа заканите за нивно поништување од радиомрежата. Истата програмска стратегија да ја предложат до инстанците кои имаат одлучувачка моќ за нивна легализација, бидејќи МРТ нема обврска да се грижи за оваа фреквенција, иако раководството на куќата тврди дека презело конкретни чекори за нејзина легализација, но добило црвено светло од одлучувачките фактори, кои сметаат дека нема потреба од ширење на националната куќа. Да, но работите не се така црно-бели. Секаде во светот државата и националните радиодифузни организации како јавен сервис на граѓаните (а МРТ, нели, се стреми кон овој идеал) поддржуваат, пред сè, културна, некомерцијална и едукативна програма, каква што е 103-ка". Само како за илустрација: во Англија **„BBC radio 1"** е јавен радиодифузен сервис и во рамките на неговата програма се емитира музика од некомерцијален карактер. Е, сега ако нашите „момци" не можат да се помират со „вистината дека нашата држава едноставно нема став кон добрата уметност", веројатно самите треба да се изборат за животот на 103-ка. Иако е тешко. Сопки на сите страни. Факт е дека ниту еден спонзор не би се одлучил да биде покровител на оваа непрофитабилна радиостаница. А бидејќи системот сè уште стои на стаклени нозе, и да конкурираат за легална фреквенција, веројатно пред нив на списокот се партиски „подлизурковци", кои во целост го искористуваат системот на подопашништво. Но барем „стотројкашите" ќе знаат дека дале сè од себе да го продолжат животот на овој музички канал. А најважно од сè е да ја надминеме апатијата што се надвила над земјава и конечно да ги стандардизираме работите. Неопходен е функционален систем. Коректура на досегашните насилни изданоци на транзициониот егоизам, кои нè „учеа" на летаргија, некоординираност, непослушност, потфрлување, дупки во законот, непочитување, несамопочитување, неактивност... Сите бараат место под сонцето. А место има малку. Сè друго е огромен простор под сенка. Сиот свет сака да мине низ едно тесно грло. Ама само неколкумина имаат шанса да поминат. Зошто тие да не бидат оние што ќе се протнат низ тесното грло на успехот. Ама заслужено! Системот е неверојатна нужност во сите гранки од човековото живеење, систем во политиката, систем во економијата, систем во уметноста, систем во супкултурата... Токму оваа категорија луѓе треба да докажат дека не се маргиналци што имаат за цел да се конфронтираат со системот, туку напротив, дека се носечката и движечка сила кон светските текови, а фактот дека од нивните редови излегоа реномирани режисери, музичари, директори на респектабилни фестивали... е доволен. Е доколку и тогаш високите и одлучувачки инстанци не ја сфатат неопходноста од разноумието, кое е интегрален дел од секоја демократска држава, каква што се декларираме и ние, тогаш треба да се оди на план Б. Само едногласно и организирано може да се врати творечкиот поттик на 103-ка, исто како што направија пред една година излегувајќи жестоко пред јавноста со успешно изведениот концерт на школката во Градски парк, на кој повеќе од триесет македонски изведувачи ја поддржаа „103-ка - гордост на ФМ-скалата и радио пред исклучување, кога оваа фреквенција го оправда атрибутот - авангардна и докажа дека не е фрагилна, туку жилава. Не се стеснувам да кажам дека и овој пат, благодарејќи на нивната оригиналност, следејќи ја максимата дека „не треба да негуваме послушни генерации, кои се плашат од бирократскиот апарат", доколку претходно направат чесен обид да одат по линијата на системот, а тој не им излезе во пресрет, момците ќе смислат оригинална идеја како да го изразат својот оправдан гнев. Доколку сметаат дека Гордана Стошиќ стои зад укинувањето оваа фреквенција, нека штрајкуваат пред нејзината канцеларија не со глад, туку со јадење, на пример, или пред зградата на Управата за телекомуникации, кои дадоа инструкции за погубување... со оружјето својствено само за нив - мирољубив концерт... На секој урбан град потребна му е урбана герила, урбана субкултура, кој промислува поинаку. Сето тоа е дел од алките на системот. Затоа треба да се реагира, под итно, додека е сè уште жешка работата. Барем, така **„Канал 103"** ќе заличи на вистински поданик на супкултурното живеење и ќе покаже дека МРТ нема никакво да заличи на национален јавен сервис, емитувајќи дегутантни програми од типот **„Reality show"**, каде бесрамно пред очите на камерата се „фачкаат" под ќебиња и организираат натпревари од типот еден со носот бутка излупено варено јајце и му вели на другиот: „Држ га тањир"... Алооо... деца гледаат!!!. Наместо просторот што го отстапуваат на ова перверзно шоу да го пополнат со емитување или во краен случај со креирање на документарни емисии од информативен и едукативен карактер. Да се чудиш!

Ивана Тасев

Tea moderna, бр 202, (V) 9. juni 2004